Дневник ONLINE

Повик за учество на Европскиот ден на филмот
GIFFONI MACEDONIA GIFFONI CINEPLEXX kapri



ONLINE КУЛТУРА

*Датум: 18.08.2014, 10:10*

Ми се допаѓа 147

МЕЃУНАРОДНА АФИРМАЦИЈА

# ШЕЕСЕТИНА НАШИ УМЕТНИЦИ СО ЦРТЕЖ ЌЕ ЈА ОСВОЈУВААТ ПРАГА



Околу 60 ликовни уметници ќе учествуваат на изложбата „Експериментален цртеж“, која за еден месец ќе биде отворена во палатата „Луцерна“ во Прага. Изложбата ја организира Друштвото на ликовните уметници на Македонија, ја финансира Министерството за култура, а со неа ќе биде одбележан јубилеј од билатералните односи меѓу нашата земја и Чешка. За уметниците и за ДЛУМ, ова е една од ретките можности масовно да го прикажат своето творештво во странство. Последен пат Друштвото масовно се претстави во Париз пред шест години кога излагаа повеќе од 100 члена на уметничката асоцијација.

Според Сергеј Дамовски, претседател на ДЛУМ, ова е мотив за уметниците да се претставаат во едно добро светло и во секој случај настан што ќе влезе во портфолиото на друштвото.

- По онаа прочуена изложба на ДЛУМ, која се отвори во Париз во 2008 година, на која се претставија 107 уметници од Друштвото, не сме излагале толку масовно во странство. Ова е еден од нашите поголеми проекти и се надевам дека ќе го повториме успехот од пред шест години кога голема публика ги виде нашите дела - вели тој.

Цртежот како централна планета

Изложбата во Чешка ја договори претходното раководство на Друштвото. Дамовски вели дека ова е голем чекор за нив и за актуелното раководство.

- Прага е еден од големите европски центри на уметноста. Убаво е тамошната публика да види што работат македонските ликовни уметници. Ние, секако, нема да ја презентираме нашата комплетната ликовна сцена, но ќе претставиме голем дел од неа. Сепак, ДЛУМ е најмногубројното ликовно здружение во Македонија - вели Дамовски.

Изложбата ќе биде отворена речиси три недели. Бројот на автори с` уште не дефинитивно заокружен. Извесно е дека делата ќе бидат во формат 30 на 40 сантиметри.

Интересно е што на изложбата цртежот ќе биде претставен како централна планета околу која гравитираат другите уметности - сликарството, скулптурата, графиката, фотографијата, другите ликовни техники. Така, поставката во голема мера ќе има мултимедијална нишка.

Од ДЛУМ велат дека изложбениот концепт на проектот „Експериментален цртеж“ претендира да го разработи процесот на отстапување од традиционалната форма на цртежот.

„Иако валиден како независен медиум, основниот акцент е ставен на критичкото преиспитување на природата и вредноста на цртежот во комбинација со широк спектар на уметнички техники и дисциплини. Современиот македонски цртеж не ги исклучува традиционалните техники, туку често го проширува полето на истражување и експериментирање вклучувајќи разни трансформации“, велат од Друштвото.

За 69 години 1.700 изложби

Изложбата вклучува дела што го поврзуваат цртежот со сликарството, скулптурата, фотографијата, графитот, дигиталната уметност. Современиот цртеж не е ограничен на скица, туку се развива во нови варијации почнувајќи од молив на хартија до концептуални пристапи. Во селекцијата ќе бидат прикажани цртежи кои можат да бидат дефинирани и како копродукт на други видови креативни процеси потенцирајќи ја неговата интердисциплинирана, когнитивна, перформативна или комуникативна функција.

ДЛУМ официјално е формирано во 1946 година. Во раниот период на неговото оформување изложувале уметници кои подоцна станале основоположници на македонската модерна уметност. Тоа е првото, најстаро и најмногубројно стручно друштво на ликовни уметници во земјава.

- Покрај другите активности на ДЛУМ, вредно е да се потенцира долгогодишна интернационална соработка, промоција на македонската уметност во видни галерии на Балканот и во Европа, како и гостувања на странски уметници на македонската ликовна сцена. Во изминатите 69, ДЛУМ има реализирано околу 1.382 самостојни претставувања на македонски и на странски автори пред македонската ликовна публика и повеќе од 350 претставувања на меѓународната сцена - вели Дамовски.

**Весна И. Илиевска**

НАЈНОВИ ВЕСТИ



Нема трага во Обвинителството од средбата меѓу Прчевски и Верушевски



Светот го гледа мермерниот град Ашгабат само на интернет



Секој шеснаесетти возач лани фатен без возачка дозвола



Промовиран шестиот том од „Толковниот речник на македонскиот јазик“



„Александар Велики“ меѓу топ-10 аеродроми во источна Европа

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

facebook
Dnevnik / Дневник
Like
52,799 people like Dnevnik / Дневник.

